# ***Анестезија во современа медицинска установа - Florence Nightingale***

ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА  Д-р Ферид Мурад Гостивар

Group Florence Nightingale Hospitals Istanbul Turkey

Март-Април 2014 г.

Јовица Петровски

20 Мај 2014 г.

# *Анестезија во современа медицинска установа – Florence Nightingale*

- Ова незаборавно работно искуство го започнувам со пофални зборови за приемот од страна на менаџерскиот тим и претставувањето пред менторот Проф. Д-р Осман Беј на кого му изразувам голема благодарност.
- Во овој четири неделен период на стручно оспособување се запознав со повеќе методи меѓу кои ќе ги истакнам следниве:
- Водење на царски рез со спинална односно епидурална анестезија. Оваа метода во наши услови не се користи, а е со многу повеќе бенефити за мајката и бебето за разлика од општата анестезија;
- Употреба на ларингоскоп со камера кај пациенти кои имаат потешкотии при интубација, а манипулацијата се прати на портабл – монитор;
- Користење на црева за вентилација и филтри за еднократна употреба;
- Кај долготрајни операции примена на инфузомати;
- Апарати за анестезија од последната технолошка генерација со монитори на кои се пратат многу параметри важни како за безбедноста и сигурноста на пациентот така и за анестезиологот;

- Присуствував на голем број лапароскопски операции на абдомен и торакс како и кардио хируршки и невролошки операции кои навистина се врв во медицинската наука, техника и знаење.
- Овие и други новости стекнати во болницата „***Florence Nightingale***“ без резервно ќе ги пренесам на моите колеги се со цел за подобрување и унапредување на здравството.
- Голема благодарност до Министерството за здравство и Секторот за едукација со желби за успех во работата и континуитет на овој проект.

Поздрав

Петровски Јовица